# Ново срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 145. Дата: 01. 10. 2012.**


## Александар Македонски-светец ?




Деновиве на интернет се појавија слики од Александар Македонски, на кои се гледа дека тој е претставен преку фреска (или икона). Ова беше поттик за многумина да си го поставаат прашањето „дали може Александар Македонски да го третираме како светец?“

Не е прв пат луѓето да дојдат до идеа да прогласат некој за светец, само затоа што тој бил славна личност, или постигнал многу за својата земја и својот народ. Слични предлози имаше и за пејачот Тоше Проески, набргу откако тој загина. Во Америка, таков предлог имаше за Елвис Присли, поради неговата популарност. Можно е и идејата Александар Македонски да се третира како светец, да доаѓа од слични побуди, бидејќи и тој е славна личност и човек со големо влијание, успеси и заслуги.

Но, тука мораме да расчистиме со една работа: земната слава и успех не се критериум, за некој да се смета за светец. Во спротивно, би требало за светци да ги третираме сите познати политичари, актери, пејачи, бизнисмени, хуманисти...и.т.н.

Според Библијата, „светец“ т.е. свет, Божји човек е оној што својот живот го посветил на единствениот, жив и вистински Бог, кој во старата ера се објавува како Јахве, а во новата ера, се објавил преку Неговиот Син-Исус Христос. Тоа подразбира дека тој човек (или жена) одлучил да го напушти гревот и да живее според Божјите стандарди.

**Вистинското прашање е „дали Александар Македонски беше таков човек?“**
Колку и да се гордееме со Александар, колку и да не ни е мило, ќе мораме да признаеме дека постојат и историски факти кои не секогаш го прикажуваат во најдобро светло.

По прашање на неговите религиозни ставови, познато е дека Александар ја прифатил грчката култура и религија, која промовирала многубоштво. По потреба, тие принесувале жртви на некои од боговите, познати во грчката митологија. Самиот тој, често организирал раскошни фестивали, посветени на грчките богови. Но, Александар верувал и во објавата на боговите, преку претскажувачи и врачачи. Затоа и неретко се консултирал со такви личности. Забележано е дека зимото, 332-331 година, при основањето на градот Александрија во Египет, тој отишол во храмот на Амон, за да се консултира со свештеникот (претскажувачот) за неговите идни планови и успеси. Некои историчари дури претпоставуваат дека тој барал потврда за неговото Божествено потекло, бидејќи веќе бил третиран како син на Амон Ра (богот на сонцето), или син на Зевс. Сето ова укажува на фактот дека Александар ниту го познавал вистинскиот Бог (кој им се објавил на евреите) ниту му служел на Него.

По прашање на неговиот морален живот, многу историчари се согласуваат дека тој практикувал бисексуален живот. Тој бил интимен и со мажи и со жени.

Paul Cartledge, кој е професор по грчка историја, на универзитетот во Кембриџ, во својата книга „*Alexander the Great: The Hunt for a New Past*“ тврди дека Александар имал врска со неколку мажи. Еден од нив бил и Хефестион, неговиот близок пријател и генерал.

Имајќи ги во предвид сите овие факти, не можеме да прифатиме дека Александар Македонски живеел свет живот и дека му служел на Богот на Авраам, Исак и Јаков.
Со други зборови, Александар ниту бил, ниту може да биде третиран како светец.


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**